**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1612/**

# З А П И С Н И К

**Од 247.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 13.03.2024 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**(скајп)**, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.** |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети, Даниела Симовски-Независен ревизор БДО-Скопје и Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација. |

Седницата започна во 14.40 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 246.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Нацрт ревизорски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ за 2023 година од Независно ревизорско друштво БДО-Скопје.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.

4. Разгледување и усвојувцање на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот од 01.10-31.12.2023 година.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 246.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 246.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 246.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 246.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Нацрт-поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО-Скопје.**
По оваа точка збор зема Даниела Симовска овластен ревизор од ревизорската куќа БДО-Скопје и пред присутните го презентираше извештајот за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП МРТ, кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2023 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Нацрт-ревизорскиот извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ за 2023 година од независно ревизорско друштво-БДО Скојпе, без забелешки.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои поединечениот Ревизорски извештај за ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2023 година, од независен овластен ревизор-ревизорска куќа БДО Скопје, и по расправата го предложи следниов Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ констатира дека Нацрт-ревизорскиот извештај на независниот овластен ревизор БДО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2023 година е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република С Македонија,и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска-раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.
Виолета објасни дека тековното работење на ЈРП МРТ во анализираната 2023 година се одвиваше согласно усвоениот финансискиот план за 2023 година и во рамки на планираните износи како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2023 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАНИ гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2023-31.12.2023 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска,-раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2023-31.12.2023 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.10.2023-31.12.2023 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2023-31.12.2023 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2023-31.12.2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2023-31.12.2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател